# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „СОВРЕМЕН ЛЕКСИКОН ЗА МЕНАЏЕРИ И ЕКОНОМИСТИ ВО БИЗНИС ЛОГИСТИКА“ (РЕЧНИК) ОД АВТОРИТЕ Д-Р НАКО ТАШКОВ, Д-Р ТОЛЕ БЕЛЧЕВ И Д-Р ЕЛИЗАБЕТА МИТРЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ -Штип, како и Одлуката бр. 2102-381/6 од 137. редовна седница на Наставно- научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 21.8.2015 година, избрани сме за рецензенти за изготвување извештај - рецензија на приложениот ракопис „Современ лексикон за менаџери и економисти во бизнис логистика“ од вон. проф. д-р Нако Ташков, вон. проф. д-р Толе Белчев и доц. д-р Елизабета Митрева, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“-Штип.

По прегледот на ракописот, до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот „**Современ лексикон за менаџери и економисти во бизнис логистика**“ **(речник)** е наменет, главно, за студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика по предметот Организациско однесување. Предметот се изучува во втор семестар - прва година и ја покрива наставната материја со оптовареност 2 (два) часа неделно т.е. 24 (дваесет и четири) часа по семестар. Неопходната потреба од учебници, скрипти, практикуми, разни учебни помагала и лексикографски прирачници за високошколска примена поттикна голем број наставници од сите наши универзитети да подготват и да објават свои книги, студии, трудови коишто во голема мера ќе им го олеснат на студентите здобивањето со нови знаења и вештини што ќе им послужат во нивната понатамошна работа како солидно потковани кадри во својата соодветна област. Еден таков лексикографски прирачник со наслов „**Современ лексикон за менаџери и економисти во бизнис логистика**“ нудат и авторите вон. проф. д-р Нако Ташков, вон. проф. д-р Толе Белчев и доц. д-р Елизабета Митрева.

Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

***Податоци за обем на ракописот***

Проблематиката што е предмет на обработка е претставена во текст од вкупно 179 страници, од кои на 172 страници е претставен основниот текст, на 7 страници се поместени 217 релевантни библиографски единици од монографски единици, периодични списанија, статии, извештаи и интернет страници, во најголем дел странска литература што ги покрива подрачјата што се третирани во трудот.

***Краток опис на содржината***

Овој „Современ лексикон за менаџери и економисти во бизнис логистика“ на Ташков, Белчев и Митрева е конципиран во четири посебни поглавја (1. Маркетиншки термини; 2. Менаџерски термини; 3. Онлајн маркетиншки изрази; 4. Економски термини) во кои се нудат определби (поимања) на перифрастички термини од бизнис логистиката што само по себе зборува за сложената и макотрпна работа за која се зафатиле авторите. Овде, имено, не се среќаваме со едноставни и едноделни термини (како лексикографски единици), ами со синтагматска терминологија (на пример, „алатки за промовирање на трговијата на големо и мало“) и со екстензивни детерминации што ни дава за право да констатираме дека оваа

книга во голем дел има и енциклопедиски карактер. За да ја илустрираме ваквата теза не треба да одиме далеку и длабоко во овој „**Современ лексикон за менаџери и економисти во бизнис логистика**“ туку доволно е да ја предочиме првата речничка одредница која гласи „авансно плаќање“ и која се детерминира на следниот начин: „Авансното плаќање е најсигурната метода на плаќање за извозникот. Купувачот го плаќа целиот износ пред да се изврши испораката. Оваа метода на плаќање не е честа во меѓународната трговија, но станува сè поприсутна кај продажбата преку Интернет. Таа го редуцира/елиминира ризикот на извозникот, но предизвикува спротивен ефект за купувачот. Купувачот има доверба дека извозникот ќе ги испорача производите навремено и дека истите ќе бидат со соодветен квалитет. Сепак, најголемиот дел од купувачите не прифаќаат користење на оваа метода на плаќање, особено кога тие не го познаваат доволно извозникот“. Ваквите детални определби на синтагматските термини се доминантни во овој обемен „Современ лексикон за менаџери и економисти во бизнис логистика“.

Пред да ги истакнеме нашите оценки за трудот, како и предлогот, најнапред во скратена форма ќе ја презентираме неговата содржина.

Првото поглавје во овој лексикон на Ташков, Митрева и Белчев, како што веќе беше кажано погоре, има наслов *Маркетиншки термини*. Во овој дел од лексиконот се нудат бројни синтагматски термини од областа на маркетингот што се детерминирани на еден мошне приемлив и разбирлив начин. Тука се среќаваме, на пример, со појаснување на сложените термини: аспирации за нови пазари, демаркетинг и управување со побарувачката, директна класификација на алтернативни реклами, конвенционални канали за дистрибуција, перспектива за управување со опкружувањето и многу други коишто во голема мера разјаснуваат значајни сегменти од маркетиншката дејност. Во второто поглавје со наслов *Менаџерски термини*, исто така, се нуди богат терминолошки материјал од областа на менаџментот (сет активности водени од организациски ресурси за да се достигнат организациските цели), како што се: менаџмент на процесите, менаџмент на човечки ресурси, менаџмент со мерниот систем, методи за подобрување на квалитетот, организирање според производите, организирање според работни функции, организирање според тимскиот пристап, планирање на човечки ресурси итн. Третиот дел од лексиконот, пак, се состои од т.н. онлајн маркетиншки изрази што покажува дека овој „Современ лексикон за менаџери и економисти во бизнис логистика” ги следи потребите на новото време на доминација на информатичката технологија. Во четвртиот дел од лексиконот -*Економски термини* се понудени термини од областа на економијата што на директен или на индиректен начин ќе им послужат на субјектите што се занимаваат со бизнис логистика.

### З А К Л У Ч О К

Овој речник претставува уште еден обид на авторите да претстават научен материјал со висок квалитет во кој се даваат можности за стекнување пошироки знаења од областа на менаџментот и економијата во бизнис логистиката. Сето ова што беше кажано погоре јасно покажува дека зад насловот „Лексикон на изрази потребни на менаџери и економисти во бизнис логистика“ се крие еден сериозно изработен речнички прирачник исполнет со богат материјал од областите што се поврзани со бизнис логистиката. Термините во речникот се дадени прегледно по азбучен ред со јасно и концизно толкување на македонски јазик. Ваквиот лексикон во огромна мера ќе им помогне и на студентите од државава што студираат бизнис логистика, но тој ќе им биде од полза и на сите оние што веќе се занимаваат со ваквата дејност, бидејќи и ним ќе им ги прошири и ќе им ги продлабочи знаењата и вештините што им се неопходни во нивната секојдневна работа. Токму затоа публикувањето на „**Лексикон на изрази потребни на менаџери и економисти во бизнис логистика“ од авторите Нако Ташков, Толе Белчев и Елизабета Митрева е повеќе од неопходно.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Марија Ацковска, вонреден професор, с.р.**
**Економски институт - Скопје**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**
**д-р Неда Петроска-Ангеловска, вонреден професор, с.р.**
**Економски институт - Скопје Универзитет**
**„Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**